**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

# ЕТИЧКИ КОДЕКС ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЕТИЧКИОТ КОДЕКС НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## Член 1

Во Етичкиот кодекс на јавните обвинители на Република Северна Македонија (Бр. 02-97/5 од 05.05.2021 година, донесен од страна на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија) во членот 7 став 3 после запирката по зборот заеми се додава зборот "гостољубивост".

Во истиот член во ставот 6 втората реченица се менува и гласи "Нематеријална корист, исто така подразбира попуст во цени и услуги поради функцијата на јавниот обвинител, бесплатен професионален совет на јавниот обвинител, бесплатни оброци, пијалоци, патувања, сместувања или други трошоци поврзани со присуство на состаноци, конференции, обуки или други настани".

## Член 2

Во членот 10 ставот 6 се менува и гласи "Јавните обвинители во јавните настапи треба да внимаваат да не го нарушат професионалниот и личниот углед, како и угледот на Јавното обвинителство и Советот на јавните обвинители".

## Член 3

Се задолжува стручната служба на Советот на јавните обвинители да подготви пречистен текст на Етичкиот кодекс на јавните обвинители на Република Северна Македонија.

## Член 4

Овој Етичкиот кодекс за изменување и дополнување на Етичкиот кодекс на јавните обвинители на Република Северна Македонија влегува во сила со денот на неговото донесување.

Бр. 02-176/3
Скопје, 08.11.2023 година

СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
**Душица Димитриеска**